Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

7 март, 2019

Архивски број:

До: ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, на седница одржана на 11.12.2018 година, ја разгледа Предлог-Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година, подготвена од Генералниот секретаријат-Одделение за соработка со невладини организации и притоа го утврди следново

## М И С Л Е Њ Е

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ја разгледа Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година и оцени дека планираните 12.000.000 денари во Буџетот на Република Македонија за 2019 година не се во согласност со заложбите на Владата содржани во Стратегијата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020, за подобрување на одржливоста на граѓанските организации преку државна финансиска поддршка со воспоставување на скалесто зголемување на државните средства за поддршка на граѓанскиот сектор секоја година.

Членовите на Советот изразија загриженост за начинот на којшто се програмираат средствата на Генералниот секретаријат на Владата наменети за граѓанските организации. Особен повод за загриженост беше фактот што предлогот на програмата за финансирање доаѓа на седница на Советот без претходна консултација со граѓанските организации и тоа за приоритетите кои ќе бидат финансирани со програмата, типот и големината на грантовите како и за вкупниот износ на средствата кои се ставаат на располагање (12.000.000 денари) што претставува продолжување на праксата и односот кон граѓанските организации од времето на владеењето на претходната власт.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор инсистира во иднина да се подготвуваат програми за финнасирање на граѓанските организации кои ќе бидат рефлексија на гласот и барањата на ГО, а до кои ќе се дојде преду структурирани и широки консултации со засегнатите страни. Неопходно е да се обезбедат значително поголеми вкупни износи за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, да се инсистира на фокус при дефинирањето на приоритетните области и да се зголеми висината на поединечните грантови, со цел здруженијата да имаат можност да реализираат проекти со кои би се направиле посуштински промени во општеството. Советот не расправаше по специфичните приоритети од Предлог-програмата, бидејќи сметаше дека таквата дискусија е нерелевантна од причина што за приоритетите кои се наведени во програмата не е спроведен консултативен процес со граѓанските организации и истите претставуваат пресликување на приоритетите наведени во Програмата за работа на Владата.

Советот препорачува да се имаат во предвид овие укажувања и да се предвидат повеќе средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите при евентуална измена на Буџетот за 2019 година, додека пак во процесот на планирање на Буџетот за 2020 година Советот бара граѓанските организации да се вклучат и да се консултираат навремено и континуирано при изработката на програмата.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ ЗА СОРАБОТКА СО
И РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР
Фани Каранфилова Пановска

Подготвила: Загорка Видоевска
Контролирала: Сања Савовска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk